Врз основа на член 39 од Законот за заштита на правата на пациентите (“Службен весник на РМ“ бр. 82/2008, 12/2009, 53/2011, 150/2015 и 190/2019), Градот Скопје објавува:

**Оглас**
**за ангажирање на членови во**
**Комисија за унапредување на правата на пациентите**

**Цел на огласот:**
Согласно Законот за заштита на правата на пациентите Градот Скопје формира постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите, во согласност со прописите од областа на локалната самоуправа.

Комисијата се состои од единаесет члена, и тоа: двајца претставници на пациентите – членови на здруженијата на пациентите, двајца претставници на невладините организации што се занимаваат со човековите права и граѓанските иницијативи, еден претставник од здружение кое се занимава со правата на жените, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, двајца лекари од општините и тројца членови делегирани од Советот на општината, односно градот Скопје.

Членовите на комисијата за унапредување на правата на пациентите не смеат да бидат вработени во здравствените установи во кои се укажува здравствена заштита.

Мандатот на членовите на комисијата е две години, со право на уште еден последователен избор.

Градот Скопје обезбедува логистичка поддршка и средства за работа на членовите на комисијата.

Формирањето на Комисијата за заштита на правата на пациентите и нејзиниот состав ќе биде предложено на седница на Советот на Град Скопје.

**На огласот можат да се пријават:**

1. Граѓански организации на пациенти, организации кои се занимаваат со човековите права и граѓански иницијативи, организации кои се занимаваат со правата на жените и организации за заштита на правата на лицата со попреченост кои треба да номинираат по еден свој претставник за член во комисијата.
2. Поединци, лекари по професија или други професии.

**Работни обврски на членовите на комисијата:**

- Редовно и активно учество на средбите на комисијата;
- Подготовка и спроведување на План за работа на комисијата со временска рамка;
- Подготовка на Деловник за работа на комисијата како и други акти;
- Следење и проценка на состојбата со заштитата на правата на пациентите;
- Разгледување поплаки на пациентите и предлагање мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
- Подготвување и издавање извештај за заштитата на правата на пациентите, пред Советот на Градот Скопје,
- Подготвување информации, промотивен и друг материјал со цел унапредување на правата на пациентите;
- Реализација на други активности за унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;

**Критериуми кои треба да ги исполнуваат кандидатите/ките:**

- Завршено високо образование (како предност ќе се сметаат завршени студии од медицина, право, социјална работа, но не се исклучуваат и други студии);
- Работно искуство во релевантната област или соодветната работа / сектор на делување: здравствен или правен сектор, граѓанско општество, демократизација, човекови права, културни различности и дијалог, здравство, социјално-хуманитарна работа, националности, застапување и лобирање на пациенти и други маргинализирани лица;
- Учество во проекти кои водат кон:
  - унапредување на здравјето и правата на пациентите;
  - промоција на еднакви можности и унапредување на човековите права;
  - намалување на стигматизација и дискриминација на пациенти;

**Потребна документација за пријавување**

1. Заинтересираните невладини организации, ги доставуваат следните документи:
   - Образец со информации за организацијата;
   - Писмо номинација од организацијата за назначување на едно лице за член во комисијата;
   - CV (професионална биографија) на номинираното лице и фотокопија од диплома за стекнато образование;
   - Друга документација со која невладината организација смета дека ја поткрепува пријавата и е во функција на наведените критериуми за член во комисијата.
2. Заинтересираните поединци ги доставуваат следниве документи:
   - CV (професионална биографија) и фотокопија од диплома за стекнато образование;
   - Писмо за мотивација;
   - Друга документација со која кандидатот/ката смета дека ја поткрепува пријавата и е во функција на наведените критериуми за член во комисијата.

Оценувањето на пристигнатите предлози ќе го врши Комисијата за верификација за мандатни прашања, за признанија, претставки и поплаки, при што доставува предлог до Советот на Град Скопје.

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Крајниот рок за поднесување на пријавите е 27.10.2020 година, до 16:00 часот.
Пријавите со целокупната скенирана документација се доставуваат по електронска пошта, на адреса: pravanapacienti@skopje.gov.mk (со назнака во предмет – Пријава на оглас).

*За дополнителни информации:*
Прашања за појаснување може да се поставaт по електронски пат на pravanapacienti@skopje.gov.mk и на телефонскиот број за контакт 02/ 3297 321. Лице за контакт Даниела Накева, Виш соработник во Одделението за социјална, детска и здравствена заштита, Сектор за јавни дејности, Град Скопје.

**Град Скопје**